*Владимир ТРАЈКОВСКИ*

## ПОТПИШАН ПРОТОКОЛ ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ДЕФЕКТОЛОГИЈАТА ПОМЕЃУ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ И ДЕФЕКТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ-БЕЛГРАД

Филозофскиот факултет во Скопје и Дефектолошкиот факултет од Белград потпишаа Протокол за соработка во доменот на високошколското образование и научно-истражувачката дејност во областа на дефектолошката теорија и практика. Протоколот кој го потпишаа деканите на двата факултета Проф. д-р Трајан Гоцевски и Проф. д-р Слободан Јакулиќ, предвидува меѓусебна размена на наставници, соработници, студенти, како и постдипломци и докторати, меѓусебна размена на стручна и научна литература, а пред сé, на учебници, како и магистерски трудови и докторски дисертации одбранети на овие факултети од областа на дефектологијата. Протоколот предвидува и заедничка работа и соодветни облици на соработка на стручни и научни проекти и учество на советувањата, симпозиумите и на други научни и стручни собири, што ги организираат овие факултетои и што учествуваат во нив.

Протоколот за соработка меѓу Филозофскиот и Дефектолошкиот факултет уследи по потпишувањето на Договорот за образовна, научна и културна соработка помеѓу Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” од Скопје и Универзитетот во Белград.

*Наташа ЧИЧЕВСКА-ЈОВАНОВА*

## “ОБРАЗОВАНИЕТО НА ДЕФЕКТОЛОШКИТЕ КАДРИ”- ТЕМА НА “ДЕФЕКТОЛОШКИ ДЕНОВИ НА ЈУГОСЛАВИЈА” ОДРЖАНИ ВО ХЕРЦЕГ НОВИ-ЈАНУАРИ 1998 ГОДИНА

Во Херцег Нови (С.Р. Југославија) од 12-16.01.1998 година се одржа “Дефектолошките денови на Југославија” со главна тема: “Образованието на дефектолошките кадри кај нас и во светот”. Овој собир се одржа под покровителство на Сојузната влада и Владата на Р. Црна Гора, а на истиот учествуваа окулу 600 учесници од земјата домаќин и од странство. Од странство учествуваа стручњаци од Италија, Р. Македонија, Англија, Русија, Унгарија, Румунија, Турска и Грција.

Во расправата по оваа тема зедоа учество и преставниците од Р. Македонија и тоа проф д-р Љупчо Ајдински со темата “Концепција и организација за подготвување на дефектолошки кадри во Р. Македонија” и доц. д-р Р. Петров.